## СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

**Од Првото продолжение на Триесет и осмата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 14.01.2009 година**

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,51 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше господин Трајко Вељаноски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Трајко Вељаноски:** Продолжувуваме со Триесет и осмата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Павле Трајанов, Крсто Муковски, Љубисав Иванов Ѕинго, Мендух Тачи, Арбен Џафери, Имер Селмани, Даут Реџепи, Али Ахмети, Хисен Џемаили, Ермира Мехмети, Теута Арифи, Марјанчо Колески, Фијат Цаноски, Јани Макрадули, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

**Минуваме на точка 13- Предлог на закон за изменување на Законот за државните службеници, по скратена постапка, второ и трето читање.**

Извештаите на Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците како матично работно тело, и на Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија ви се поделени.

Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците како матично работно тело, и на Законодавно-правната комисија, не поднесоа дополнет Предлог на закон, бидејки на нивните седници не беа усвоени амандмани што е услов за изготвување на дополнет Предлог на закон.

Ги повикувам претставниците на пратеничките групи до колку сакаат да го изнесат мислењето на пратеничката група по Предлогот на законот да се пријават за збор.

Во име на пратеничката група на СДСМ пријавена за збор е госпоѓа Цветанка Иванова.

Има збор госпоѓа Цветанка Иванова, повелете.

**Цветанка Иванова:** Благодарам претседателе.

Пратеничката група на СДСМ нема да ги подржи измените и дополнувањата на Законот за државни службеници од принципиелни причини затоа што ние како пратеничка група ги кажавме нашите аргументи зошто сме против принципот или проектот нето плата.

Сметаме дека со ваквиот проект кој го воведува Владата за напалта на придонесите, се ускратуваат правата на вработените и од тие причини нема да го подржиме овој закон.

Исто така сметаме дека со членот 2 од измените со кој се предлага примената на овој закон да биде ретроактивна од 1 јануари 2009 година, е спротивна на член 52 став 3 од Уставот на Република Македонија, според кој законите што ги донесува Собранието на Република Македонија не можат да имаат повратно дејство освен ако овие закони се однесуваат на подобрување на, или се поповолни за граѓаните на кои ќе се однесуваат.

Бидејки сметаме дека бруто платата нема да биде поповолна за вработените, вклучително и за вработените во државните установи, од овие причини нема да го поддржиме овој закон.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Со оглед на тоа што не е поднесен дополнет Предлог на закон на кој може да се поднесуваат амандмани на седницата на Собранието, преминуваме по одлучување по Предлогот на законот во целина.

Предлогот на законот во целина го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 62 пратеници, од кои за Предлогот на законот гласаа 52, воздржани нема, против 10 пратеници.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за државните службеници.

**Минуваме на точка 14 - Предлог на закон за изменување на Законот за судска служба по скратен апостапка, второ и трето читање.**

Извештаите на Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците како матично работно тело, и на Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија ви се поделени.

Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците како матично работно тело, и на Законодавно-правната комисија, не поднесоа дополнет Предлог на закон, бидејки на нивните седници не беа усвоени амандмани што е услов за изготвување на дополнет Предлог на закон.

Ги повикувам претставниците на пратеничките групи до колку сакаат да го изнесат мислењето на пратеничката група по Предлогот на законот да се пријават за збор.

Со оглед на тоа што не е поднесен дополнет Предлог на закон на кој може да се поднесуваат амандмани на седницата на Собранието, преминуваме по одлучување по Предлогот на законот во целина.

Предлогот на законот во целина го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 63 пратеници, од кои за Предлогот на законот гласаа 53, воздржани нема, против 10 пратеници.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување на Законот за судска служба.

**Минуваме на точка 15 - Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за**

**водите по скратена постапка, второ и трето читање.**

Извештаите на Комисијата за транспорт врски и екологија како матично работно тело, и на Законодавно-правната комисија не Собранието на Република Македонија ви се поделени.

Комисијата за транспорт, врски и екологија како матично работно тело, и на Законодавно-правната комисија, не поднесоа дополнет Предлог на закон, бидејки на нивните седници не беа усвоени амандмани што е услов за изготвување на дополнет Предлог на закон.

Ги повикувам претставниците на пратеничките групи до колку сакаат да го изнесат мислењето на пратеничката група по Предлогот на законот да се пријават за збор.

Со оглед на тоа што не е поднесен дополнет Предлог на закон на кој може да се поднесуваат амандмани на седницата на Собранието, преминуваме по одлучување по Предлогот на законот во целина.

Предлогот на законот во целина го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 64 пратеници, од кои за Предлогот на законот гласаа 55, воздржани нема, против 9 пратеници.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување на Законот за водите.

**Минуваме на точка 16 - Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за здравствено осигурување по скратен апостапка, второ и трето читање.**

Извештаите на Комисијата за здравство како матично работно тело, и на Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија ви се поделени.

Комисијата за здравство како матично работно тело, и Законодавно-правната комисија, не поднесоа дополнет Предлог на закон, бидејки на нивните седници не беа усвоени амандмани што е услов за изготвување на дополнет Предлог на закон.

Ги повикувам претставниците на пратеничките групи до колку сакаат да го изнесат мислењето на пратеничката група по Предлогот на законот да се пријават за збор. Благодарам.

Во името на пратеничката група на СДСМ, пријавен е господинот Диневски Менде и во името на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ господинот Гинев Јован.

Има збор господинот Динески Менде, повелете.

**Менде Диневски**: Благодарам претседателе, почитуван заменик министер, почитувани колеги.

Со законот за задолжително здравствено осигурување се повторува праксата на предлагање и донесување на закони по скратена постапка. Но, не само што Министерството за здравство предлага ваков закон, туку и продолжува да се однесува како таа да ги носи законите, а ние тука да семе нивните исзвршители, што мислам дека треба да биде обратно, но тоа ќе се случи во некој друг состав на парламентарно мнозинство.

Зошто го говорам ова. Тоа го говорам затоа што на вчерашната седниц ана Комистијата за здравство не присуствуваше претставник од Министерството за здравство за да даде појаснување на Предлог законот што го имаме тука пред нас. Имено, за што се работи?

Владата на Република Македонија на 19.08.2008 година донесе заклучок да се подготват измени во Законот за задолжително здравствено осигурување, согласно кои надоместокот за плата, за време на отсуство од работа поради бременост, раѓање и мајчинство, да се исплаќа на товар на Буџетот на Република Македонија.

На Министерството за здравство дефинитивно му требаше повеќе време од 6 месеци за да го достави ваквиот закон во Собранието на Република Македонија. Затоа го псотавувам прашањето како оваа Влада која работи 24 часа на ден 7 дена во неделата, не можеше да подготви измени на три члена во рок од 6 месеци. Дополнително на ова во Законот се предлага дополнување на членот 69 од Законот за задолжително осигурување односно се додаваат две алинеи со кои се утврдуваат здравствените услуги во специјалистичките и консултативната здравствена заштита, дека ќе се плаќаат според цени на завршени услуги, а здравствените услуги во болничката здравствена заштита за акутна нега на хоспитализирани лица ќе се плаќа според дијагностичко сродните групи, како нов начин на плаќање на здравствените услуги.

Новиот начин на плаќање во здравството, согласно ДРЏ системот е за поздравување. Но, она за што сакам да обрнам внимание, а тоа е имплементацијата на овој систем кој е процес кој трае повеќе години, процес на активности или реформа на повеќе влади, но дефинитивно иако сите знаевме дека овој процес ќе стартува на 1.01.2009 година, референтните цени беа објавени на 29 декември, Министерството за здравство во однос на ДРЏ системот, ги предлага токму во месец јануари. Тоа го покажува пристапот на кој начин Министерството за здравство приоѓа на решавање на сите сериозни прашања и притоа во оваа пригода не сакам да говорам за реакциите на голем број на директори, голем број на лекари кои даваат сугестии дека ваквите цени кои се дадени од страна на Фондот, на некој начин не се издржани и ваквите цени навистина нема да дадат подобрување на здравствените услуги односно нема да вложат квалитетна и брза здравствена услуга, бидјеки како што кажав, го слушнавме ставо тна директорите на клиниките, вклучително и вчерашниот состанок што го имаа со минситерот за здравство. Но, јас ќе го почитувам мислењето или ставот на Министерството за здравство дека навистина треба да почекаме и во еден догледен период да видием кој од овие цени навистина ќе

дадат ефикасна здравствена услуга. Притоа убеден сум дека поголем број од цените, во интерес на пациентите на Република Македонија, соодветно ќе бидат променети.

Со Предлогот на законот со кој е предвидено за породилно отсуство отприлика 605 милиони денари, од кои во овој момент се издвојуваат од Фондот за здравствено осигурување, целосно да се исплаќаат до 2012 година. Но, притоа сакам да потенцирам дека, ќе ги цитирам и изјавите на директорот на Фондот за здравствено осигурување и на минситерот за здравство дека во 2009 година сметката на Фондот на здравство ќе биде помала отпилика за 60-тина милиони евра. При тоа ќе посочам дека бруто платата, значи новиот начин на пресметување ќе направи дупка во фондот за здравство од 4,4 милијарди денари. Значи новиот концепт во 2010 година ќе направи дупка од 7,4 милијарди денари, а во 2011 година ќе направи удпка од 11 милијарди денари. Тоа е изјава на министерот за здравство Бујар Османи. Притоа минситерот за финансии господинот Славески изјави дека во Буџетот се предвидени отприлика околу 1,3 милијарди денари за покривање на оваа дупка, но навистина не добивме до сега информација од каде Министерството за здравство, вклучително и Фондот за здравствено осигурување планира да ги врати или да ги надокнади сите овие финансиски средства. Кон ова ќе ја цитирам изјавата што ја има дадено директорот на Фондот на 5.01.2009 година, со кое очекува дека со зголемвување на базата на плаќачи на придонеси, преку зголемување на платите и зголемување на бројот на вработените, како и мерките во Фондот, за следната година не очекува дека ќе има некое посебно намалување на Буџетот на Фондот за здравствено осигурување.

Сега се поставува прашањето дали директорот на Фондот за здравствено осигурување не живее во Република Македонија, дали не е свесен за рецесијата и за светската финансиска криза, па очекува дека во Република Македонија платите ќе се зголемат, или дека ќе се зголеми бројот на вработените, ако сме сведоци дека секојдневно во Република Македонија се отпуштаат вработени, односно се пуштаат на принуден одмор. И дефинитивно се поставува прашањето како Фондот за здравствено осигурување оваа дупка од отприлика 60 милиони евра која ја констатира и самиот директор на Фондот, истата ќе ја надополни и ќе ја пополни со тоа што сите најави дека 2009 година ќе биде година на инвестиции во здравството итн, навистина ќе се реализира.

Она што навистина ме фрапираше и она што навистина и вчера на Комисијата за здравство обрна посебно внимание, а тоа се измените во членот 20 од Законот за здравствено осигурување. Значи, ќе го цитирам образложеннието за да знаат колегите оние што ги интересира за што говориме денес. Значи, се работи за промена на начинот, или дополнување, дополнителни мерки во однос на давањето на боледување и притоа се потенцира дека избраните лекари од примарното здравство и лекарите специјалисти кои даваат наод и мислење за продолжување на боледувањето, не ги почитуваат утврдените критериуми по однос на максималното времетраење на боледувањето. Така што на товар на Фондот се издвојуваат дополнителни боледувања кои доведуваат до неефикасно користење на средствата. Тука навистина сакам да реагирам, бидејќи на сите ни е јасно, а јас не можам да се согласам со констатацијата дека во изминатите две години Министерството за здравство упорно сака да фрли една црна дамка на лекарите. Тоа почна со кампањата нулта корупција кога од професиите беше токму посочена лекарската професија. Продолжи со апсење или со кривични пријави против истакната здравствени работници во Република Македонија. Притоа во постапката истите обвинувања, или истите постапки се преиначија и заврши со процесот на воведување на скапи камери, односно на 24 часовно кодошење на некој начин на вработените и на пациентите. И тука се поставува прашањето, дали Министерството за здравство тврди дека сите лекари општи, односно сите матични лекари и сите лекари специјалисти во Република Македонија не ги почитуваат утврдените критериуми.

И притоа сакам да го поставам прашањето, дали имаат анализа во колку случаи тоа е направено, дали имаат таква анализа направено и дали навистина сметаат дека сите лекари во Република Македонија се корумпирани.

Сакам да го кажам ставот на СДСМ, ние нема да го поддржиме ваквиот начин на работа, особено начинот на работа на министерот за здравство кој во рок од 24 часа ги менува одлуките за да во понеделникот на пратенички прашања го бранеше концептот со вработување на нови 70 луѓе во однос на снимањето, за да вчера истиот концепт го промени. Вклучително и изјавите, или она што го зборуваа колегите пред мене по однос на бруто платата се однесува и на овој Закон за здравствено осигурување.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Има збор господинот Јован Гинев, повелете.

**Јован Гинев:** Благодарам претседателе.

Почитуван заменик министер за здравство, почитувани колеги пратеници.

Овој закон што е на дневен ред денеска е реформски закон и носи низа позитивни промени во здравствениот систем на Република Македонија. Предложени се четири измени и дополнувања. Значи, со предложените измени и дополнувања се извршува целосно усогласување на Законот за здравствено осигурување со Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување и се воспоставува правна основа за примена на новиот Закон за придонеси од задолжително социјално осигурување, како и

успешен почеток од интегрирана наплата на придонесите и персоналниот данок од доход.

Права од задолжително здравство за здравствено осигурување е паричен надоместок за привремена спреченост на работа поради болест и повреда, како и отсуство од работа поради бременост, породување и мајчинство. И тие права се регулирани во член 5 став 1 точка 1, 2, 3 и 4 на овој закон. Во измените на овој закон се предлага надоместок на плата за време на породилно отсуство да падне на товар на Буџетот на Република Македонија, бидејќи породувањето не е болест, туку има социјален карактер. Здравствената заштита на жената за време на бременоста, раѓањето и мајчинството да биде дел од задолжителниот здравствен систем. Со тоа би се ослободиле од Буџетот на Република Македонија од Фондот за здравствено осигурување околу 10 милиони евра годишно кои би се користеле наменски за подобрување на квалитетот на здравствените услуги како и зголемување на обемот на здравствените услуги на сите нивоа на здравствената заштита. Се предлага паричниот надоместок заради привремено отсуство од работа поради бременост, раѓање и мајчинство да се покрие од Буџетот на Република Македонија, почнувајќи со 50% од јануари 2010, 75% од јануари 2011 и 100% од 2012 година.

Трета квалитетна измена на овој Закон е тоа што средствата од партиципација кои што по стариот закон беа приходи на Фондот за здравствено осигурување од страна на здравствените организации, сега ќе останат во намена на здравствените организации кои што ќе ги користат за свои потреби. Со тоа им се овозможува финансиски да располагаат со сопствени финансиски средства за интервенциите и акутните состојби во нивните институции.

И четврта многу важна измена и дополнување на овој закон е тоа што значи, се пружа начин на плаќање во поликлиничките специјалистички ординации по услуги. Досега тоа беше немерливо. Така што поедини колеги си одеа на работа колку да им заврши работното време и да чекаат личен доход од Фондот за здравство. Денеска тие ќе можат да заработат и ќе бидат стимулирани на овој начин да заработат онолку колку ќе се ангажираат и колку ќе пружат квалитет во здравствените услуги на своите специјалистичко консултативни ординации.

Од друга страна здравствените услуги во болничката здравствена заштита за акутна нега на хоспитализирани болни ќе се плаќа според дијагностично сродни групи, ДРЏ системот што и едниот и другиот начин на плаќање се во усогласеност и корелација на Европската унија. Ви благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Со оглед на тоа што не е поднесен дополнет предлог на закон на кој може да се поднесуваат амандмани за седницата на Собранието, преминуваме на одлучување по Предлогот на законот во целина.

Предлогот на законот во целина го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 67 пратеници. Од нив за Предлогот на законот гласаа 56 пратеници, од гласањето не се воздржа никој, против гласаа 11 пратеници.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за здравственото осигурување.

Бидејќи дневниот ред е исцрпен констатирам дека Триесет и осмата седница на Собранието на Република Македонија е завршена.

(Седницата заврши со работа во 12,22 часот).